КУПУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ/ПРОСТОР ЗА ПОТРЕБИ НА СМЕСТУВАЊЕ НА АМБАСАДАТА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ВО СКОПЈЕ – СЕ БАРААТ ПОНУДИ

Во согласност со изразената потреба за поседување на сопствен објект/простор за сместување на Амбасадата на Босна и Херцеговина во Скопје, љубезно ве молиме да доставите понуди за расположивите индивидуални самостојни објекти и деловни простори во рамки на административен (деловен) објект, кои се новоизградени или понови, вселиви, согласно со следните потреби и критериуми:

1. **Локација**
   Некретнината треба да се наоѓа во потесното градско јадро или во административната зона на град Скопје, со порепрезентативна содржина и опкружување.

2. **Структура**
   Во основа некретнината може да биде едноетажна или двоетажна со вкупна површина од 300 м² ако просторот е во административен објект, а за самостојни објекти, површина од околу 300-500 м². Објектот треба да содржи минимум 5 канцелариски простории од кои минимум 3 со сопствен тоалет, сала за состаноци и приеми, приручна кујна, простор за архив, простор погоден за формирање на шалтер сала и чекаоница, како и два тоалети. Доколку станува збор за деловен простор во рамки на административен објект, потребно е главниот влез да биде со службен карактер, катност не е ограничувачки фактор, но е пожелно да биде самостоен на етажа и да има индивидуално греење и дворно место.

3. **Паркинг**
   Обавезна е можноста за паркинг на минимум едно возило или гаражен простор.

Напомена:

- **Заедно со понудата за соодветни некретнини потребно е да доставите детална понуда за посредничка услуга при купување. Посебно нагласуваме дека е потребно јасно да се утврди провизијата на агенцијата при купувањето, односно обврските на купувачот и продавачот, изразени во проценти, согласно со важечките правни прописи на државата.**

- **Во состав на понудите задолжително е да се достават фотографии и архитектонски тлоцрти на сите етажи со внесени податоци за димензии на поединечни простории и нивната квадратура, како и доказ за сопственост на објектот.**

Рок за доставување понуди: 7 дена.

Понудите може да ни ги доставувате на емајл адреса: amb.skopje@mvp.gov.ba